# ИСКУСТВА И СТАВОВИ ВО ВРСКА СО УЧЕЊЕТО НА ДАЛЕЧИНА

## Прелиминарни наоди од истражувањето со директори, наставници и родители

**јули 2020**

Подготвено од Реактор - истражување во акција


Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS - BYROJA E ZHVILLIMIT TË ARSIMIT
MINISTRY OF EDUCATION AND SCIENCE - BUREAU FOR DEVELOPMENT OF EDUCATION

РЕАКТОР истражување во акција

unicef

UKaid from the British people

# Содржина на презентацијата

1. Методологија, временска рамка и примероци
2. Искуства и тешкотии со наставата на далечина (директори, наставници, родители)
3. Платформи за учење на далечина
4. Размислувања за организирање на наставата од септември 2020 година

# Методологија и временска рамка

- Сеопфатно двоетапно истражување кое ги вклучува сите засегнати страни во основно и средно образование
- Комбиниран истражувачки пристап: квантитативно онлајн истражување со директори, наставници, родители и ученици и квалитативни дискусии и длабински интервјуа со основните целни групи и претставници на ранливи категории.



# Структура на примероците:

| Испитаници | Вкупно | Урбана | Рурална | Жени | Мажи | Основно | Средно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Директори | 209 | 60% | 40% | 55% | 45% | 174 | 35 |
| Наставници | 6362 | 60% | 40% | 80% | 20% | 4631 | 1731 |
| Родители | 3394 | 88% | 12% | 84% | 15% | / | / |
| Вкупно | 9965 | | | | | | |

*Истражувањето вклучува и ученици од средните и основните училишта и квалитативни дискусии и разговори со сите целни групи (што не се дел од овие  наоди)

# Искуства од наставата на далечина

REACTOR research in action

## Општи перцепции за наставата на далечина – ефикасност и лични искуства

**П:** ***Севкупно, колку Вие лично мислите дека беше ефективно учењето од дома?***

### Родители




**Извор**: онлајн истражување, база на одговори од родители на деца од основните училишта, вкупен број одговори, N=3394

**П:** ***Како севкупно би го оцениле искуството со организирање на настава од далечина?***

### Директори




**Извор**: онлајн истражување, база на одговори од директори на основни и државни училишта, вкупен број одговори, N=209

### Наставници




**Извор**: онлајн истражување, база на одговори наставници од основните и средните училишта, вкупен број одговори, N=6362

Забелешка: Родителите „мерат“ ефективност, директорите и наставниците лично искуство во процесот!

# Искуства и тешкотии со наставата на далечина

REACTOR research in action

## Искуствата на наставниците укажуваат дека се зголемил бројот на ученици кои имаат потешкотии да го усвојат наставниот материјал, а со дел од учениците училиштето имало тешкотии да воспостави контакт

***Како вие лично би го оцениле учењето на учениците од дома споредено со периодот кога наставата се реализираше во училиштата?***




***Дали додека се одвиваше наставата од далечина имаше ученици и/ли родители со кои училиштето не можеше да оставри контакт?***




Извор: онлајн истражување, база на одговори наставници од основните и средните училишта, вкупен број одговори, N=6362

# Искуства и тешкотии со наставата на далечина

REACTOR research in action

## Тешкотии со кои се соочиле наставниците




**Извор**: онлајн истражување, база на одговори наставници од основните училишта, вкупен број одговори, N=4631

# Искуства и тешкотии со наставата на далечина

REACHOR research in action

## Тешкотии со кои се соочиле наставниците

- Повеќе од половина од наставниците се соочиле со потешкотии поврзани со **демотивираност и нередовност кај учениците**. Користењето на **дигитални технологии** од една страна го наметнува проблемот на **недоволно пристап**, особено за учениците кои немаат или треба да споделуваат компјутер со другите членови на семејството, а од друга страна им дозволува на дел од учениците **да „се снаоѓаат“ и на тестовите и проверките да добиваат помош од родителите или со-учениците**.

ЦИТАТИ НА НАСТАВНИЦИ ОД ФОКУС ГРУПИТЕ

- *„На почетокот на децата им беше забавно, но потоа како што поминуваа неделите, ги гледавме, некоја апатија се створаше кај нив, за на крајот да бидат толку изморени (...) едвај чекаа да се заврши сè (професорка во средно гимназиско училиште)“*
- *„Имаа помош во одговарањето од родителите, од 14 деца, само двајца или тројца работеа самостојно. (наставничка по одделенска настава)“*
- *„Ние сме сепак во една рурална средина кај што имаме и во нормални услови одредени проблеми со електронска комуникација [а не па во ваква ситуација]. (наставник по предметна настава)“*
- *„За мене и 5% од децата да немаат опрема, се многу. (професор во средно училиште)“*

Извор: онлајн истражување, база на одговори наставници од основните и средните училишта, вкупен број одговори, N=6362

# Искуства и тешкотии со наставата на далечина

## Пристап до опрема и техничка поддршка – наставници

### Потреба од техничка поддршка за реализација на наставата




### Пристап до опрема




Повеќе од половина од наставниците имаат ограничен пристап до опрема за реализирање на наставата на далечина - значителен дел споделуваат компјутер или лаптоп со другите членови во семејството или користат застарени машини, а мал процент немаат воопшто.

Дополнително значителен дел (42%) имаат проблеми со интернетот или им е ограничен.

### Пристап до интернет




Извор: онлајн истражување, база на одговори наставници од основните и средните училишта, вкупен број одговори, N=6362

# Искуства и тешкотии со наставата на далечина

REACHOR research in action

## Организациски и технички тешкотии со кои се соочиле родителите/ старателите

**П:** *Со кои од овие тешкотии поврзани со ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА НАСТАВАТА ИЛИ РАБОТАТА НА НАСТАВНИЦИТЕ се соочивте...?*




**П:** *Со кои од овие потешкотии поврзани СО ПРИСТАП ДО ОПРЕМА ИЛИ ТЕХНИЧКИ ПРОБЛЕМИ се соочивте Вие како родител...?*




**Многу помал е бројот на родители кои рекле дека воопшто не се соочиле со тешкотии** – само околу една петина од нив НЕ се соочиле со проблеми при изведба на наставата, а 36% рекле дека немале никаков технички проблем/тешкотии при пристап до опрема. Сите останати пријавиле **различни типови на тешкотии** од кои **најчести** се: **организацијата на времето и немањето јасни граници за време за училишни активности** (57%) и **недостигот на техничка опрема** (компјутер, принтер и сл.) за следење на наставата и исполнување на домашни задачи. И останатите пријавени тешкотии, иако наведени од помал процент на родители, се суштински и треба да се земат предвид бидејќи можат да влијаат на успехот на учениците и совладувањето на наставата.

**Извор**: база на одговори од родители на деца од основните училишта, вкупен број на одговори, N=3394

# Искуства и тешкотии со наставата на далечина

REACTOR research in action

## БАЛАНСИРАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ: лични препреки со кои се соочиле родителите/ старателите

***П: Со кои од овие тешкотии Вие како родител/ старател се соочивте додека се одвиваше учењето од дома? (Повеќе одговори)***

- **Заради работни обврски немав доволно време да се посветам на учење со детето/децата**
- **За некои предмети, јас (и/ли останатите членови на семејството кои помагаа), имав(ме) тешкотии со лекциите за да им помогнеме на детето/децата**
- Заради домашни обврски (готвење, чистење, набавка на храна и сл.) немав доволно време да се посветам на учење со детето/децата
- Морав да се потпрам на помошта од поголемите деца, зашто не можев да се снајдам со интернет платформите или работа на компјутер
- Немав на кого да се потпрам, а тешко ми беше да ги користам интернет платформите или каналите за комуникација со наставниците
- Други потешкотии




*Под „Други потешкотии“ родителите најчесто спомнуваат проблеми опфатени со други прашања во прашалникот – од техничка природа (лош/стар компјутер, недоволен број на работни компјутери, лоша интернет врска...) или пак преголем обем на материјал што мораат за кратко време да го совладаат со децата.*

**Извор**: онлајн истражување, база на одговори од родители на деца од основните училишта, вкупен број одговори, N=3394

# Платформи за комуникација и настава

## Наставници

**П:** ***Кои од овие платформи или канали ги користевте за комуникација и одржување настава со учениците/родителите?***




- Кај наставниците од **основните училишта** најчесто користени платформи за комуникација со учениците и пренесување на наставниот материјал се: **Facebook/ Messenger** (62%), **Едуино** (58%), **телефонски разговори или смс** со учениците/родителите (56%), **Viber** (56%), Zoom (51%), E-mail (51%) и ТВ-Училница 47%.
- Кај наставниците од **средните училишта** најчесто користени платформи за комуникација со учениците и пренесување на наставниот материјал се: **E-mail** (69%), **Zoom** (68%), **Facebook/ Messenger** (68%), Viber (58%) телефонски разговори или смс со учениците/родителите (41%).

*Со помалку од 2% се застапени платформите Linolt, Mentimeter, ClassDojo, Socrative, Survey Monkey, OneNote и Padlet.

Извор: онлајн истражување, база на одговори наставници од основните и средните училишта, вкупен број одговори, N=6362

# Платформи за комуникација и настава

## Родители

**П:** ***Кои од овие платформи или канали ги користеа наставниците за комуникација и одржување настава со Вашето дете и со Вас?***




*Со помалку од 2% се застапени платформите Linolt, Mentimeter, ClassDojo, Socrative, Survey Monkey, OneNote, Мој глас и Padlet.

- Според родителите, најчесто користени платформи за комуникација со учениците и пренесување на наставниот материјал се: **E-mail** и **Facebook/ Messenger** (38% за секоја). Потоа следат: **Zoom** (36%), **Viber** (34%) и **Едуино** (32%), **Google Classroom** (28%) и **ТВ училница** (23%), а **телефонски разговори или смс** со учениците/родителите е уште еден начин на комуникација што го користеле околу 20% од наставниците, според перцепциите на родителите.
- Останатите платформи се помалку често спомнати, но дел од нив, како на пример *Quizlet, Edmondo, Microsoft Teams* беа посочени како корисни, интересни и користени од наставниците од средно училиште (*квалитативен наод*)
- **Забелешка:** важно да се напомене дека перцепциите на родителите за користење на платформите може да се разликуваат во однос на оние на наставниците и директорите, како и перцепциите по други прашања од интерес, заради 2 причини:
  - Различна структура на примерокот кај родителите, но и
  - Различни лични проценки и перцепции кои зависат од повеќе фактори и, притоа, се засноваат на меморирање на настани и искуства што се постари од 1 месец (што секако може да влијае на меморираните сеќавања, поради што мерењата на искуствата секогаш вклучуваат и кратки временски референци, кои овде не можеа да се применат во нашиот случај.)

**Извор**: онлајн истражување, база на одговори од родители на деца од основните училишта, вкупен број одговори, N=3394

# Размислувања за организирање на наставата од септември 2020

REACTOR research in action

**П: Дали МОН треба да прилагоди една национална веб-платформа (пр. како е-дневник или Едуино), која со одредени прилагодувања ќе можат да ја користат сите училишта за онлајн настава и тестирање?**

**ДИРЕКТОРИ**




**НАСТАВНИЦИ**




**Извор**: онлајн истражување, база на одговори од директори на основни и државни училишта, вкупен број одговори, N=209

**Извор**: онлајн истражување, база на одговори наставници од основните училишта, вкупен број одговори, N=4631

# Размислувања за организирање на наставата од септември 2020

## Имајќи го предвид досегашното искуство, каква поддршка што им е потребна на директорите и наставниците…?

### Директори




**Извор**: онлајн истражување, база на одговори од директори на основни и државни училишта, вкупен број одговори, N=209

### Наставници




**Извор**: онлајн истражување, база на одговори наставници од основните училишта, вкупен број одговори, N=4631

# Размислувања за организирање на наставата од септември 2020

REACTOR research in action

## П: *Како би сакале да се реализира наставата од септември?*

### Директори




### Наставници




### Родители




**Извор**: онлајн истражување, база на одговори од директори на основни и државни училишта, вкупен број одговори, N=209

**Извор**: онлајн истражување, база на одговори наставници од основните училишта, вкупен број одговори, N=4631

**Извор**: онлајн истражување, база на одговори од родители на деца од основните училишта, вкупен број одговори, N=3394

# Размислувања за организирање на наставата од септември 2020

REACTOR research in action

## Директори

### Дали во вашето училиште има услови за одржување на мерките за физичка дистанца?




**Извор**: онлајн истражување, база на одговори од директори на основни и државни училишта, вкупен број одговори, N=209

# Размислувања за организирање на наставата од септември 2020

## Директори

- **94%** од директор/к/ите сметаат дека нивното училиште **има услови за одржување на мерките за хигиена**. Нема значајна разлика помеѓу испитаниците од рурална и урбана средина

***Што од следново го имате на располагање во вашето училиште или лесно можете да го обезбедите во доволна количина од септември?***




***Координација со локалната самоуправа и другите општински училишта***




**Извор**: онлајн истражување, база на одговори од директори на основни и државни училишта, вкупен број одговори, N=209

# Заклучоци:

- Повеќе од половина од наставниците сметаат дека се зголемил бројот на ученици кои имаат тешкотии да го усвојат наставниот материјал.
- Дури 77% од наставници во одреден период од наставата на далечина не можеле да остварат контакт со учениците.
- Мнозинството наставници имаат потреба од обука за користење на образовна технологија.
- Околу половина од родителите, директорите и наставниците сметаат дека треба да се продолжи со наставата во училиште од септември. Околу третина од родителите, директорите и наставниците се за комбиниран пристап во настава на далечина (комбинирање на одделенија или денови во неделата).
- Повеќе од половина од од директор/к/ите сметаат дека нивното училиште има услови за одржување на безбедна физичка дистанца.
- Најголем дел (94%) од директор/к/ите сметаат дека нивното училиште има услови за одржување на мерките за хигиена. Нема значајна разлика помеѓу директор-ките од рурална и урбана средина.